Република Северна Македонија

Министерство за финансии

Управа за финансиско разузнавање

Број. 02-4/8 (26)
Дата: 11/11/ 2026, Скопје

Врз основа на член 81 став 6 и член 88 став став 2 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ("Службен весник на РСМ" бр.151/22, 208/24 59/25 и 267/25), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавачи бр.02-4/1 (26) од 05.10.2026 година, директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

О Д Л У К А

за избор на на 1 (еден) извршител - за работно место помлад разузнавач за аналитика

1. **За извршител на работно место Помлад разузнавач за аналитика со шифра УФР 02 10 Б04 002, во Одделението за аналитика, во Секторот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, се избира кандидатката Маја Коцевска**
2. Именуваната од точка 1 од оваа Одлука ќе биде вработена на работното место Помлад разузнавач за аналитика со шифра УФР 02 10 Б04 002, во Одделението за аналитика, во Секторот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-5/35 (26) од 05.10.2026 година, во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавач бр. 02-4/1 (26) од 05.10.2026 година објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју со кандидатите за наведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач достави записник од постапката за административна селекција бр.02/4 -2 (26) од 16.10.2026 година, во кој констатираше дека навремено е поднесена само 1 (една) пријава со комплетна документација на кандидатката Маја Коцевска, истата ја поминала административната селекција и ќе биде повикана во втората фаза од постапката за вработување, однодно полагање на писмен испит.

Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ти кат, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач достави записник од постапката од спроведен писмен испит бр.02--4/5 (25) од 04.11.2026 година, во кој констатираше дека кандидатката Маја Коцевска го положи писмениот испит со освоени 95 бодови од можни 100 бодови. Со кандидатката Маја Коцевска ќе се спроведе интервју.

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач достави записник од постапката од спроведено интервју бр.02/4-7 (26) од 10.11.2026 година, во кој Комисијата за селекција, од максимум 20 бода кои ги носи интервјуто на кандидатката Маја Коцевска и даде 20 бода.

Комисијата за селекција констатираше дека во досегашниот процес кандидатката Маја Коцевска има освоено вкупно 77 бодови (57 од писмен испит и 20 бода од интервју).

Врз основа на успехот од писмениот испит (кој во целокупниот процес на избор носи 60 бодови) како и врз основа на одговорите дадени од страна на кандидатката на интервјуто (кое во процесот на избор носи максимум 20 бода), Комисијата за селекција му предлага на директорот да спреведе интервју со кандидатот Маја Коцевска.

Врз основа на доставените записници од спроведената постапка од Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач, директорот на Управата за финансиско разузнавање ја повика камдидатката Маја Коцевска на интервју.

По спроведеното интервју на директорот со кандидатката Маја Коцевска, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука, кандидатката Маја Коцевска да биде избрана за работното место Помлад разузнавач за аналитика со шифра УФР 02 10 Б04 002, во Одделението за аналитика, во Секторот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

По конечноста на Одлуката, директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе Решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на Управата за финансиско разузнавање.

Директор
Drejtor
Кујтим Ибиши
Kujtim Ibishi

Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање

Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, 6ти кат, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk